**Проф.д-р Невенка ДУКОВСКА за концертот со м-р Ване АРЕВСКИ во Њујорк**

# Настапувавме во објект од кој произлегле и ѕвездите Сара Џесика Паркер, Меколи Калкин...

Нашите уметници проф.д-р Невенка Дуковска и м-р Ване Аревски кон средината на овој месец одржаа преубав концерт во Културниот центар на Македонија во Њујорк кој се наоѓа во самото срце на Менхетн. Тоа е остварување на сонот на секој уметник, а дуото Дуковска (пијано) и Аревски (флејта) се меѓу ретките уметници на кои еден ваков сон им станал стварност. По тој повод разговараме со уметничката Дуковска.

-Одржавме концертот за флета и пијано како проект подржан од нашето Министерството за култура. Културниот центар на Македонија е една многу акустична галерија, позната како MC Gallery. Директорот на центарот г-дин Горазд Попоски многу срдечно не пречека и ни овозможи неверојатен престој исто така во центарот на Менхетн.Тој ни раскажа и за историјата на оваа галерија каде што настапивме, истакнувајќи дека во состав на истиот објект има и театарски секции од кои произлегле познати светски имиња како Сара Џе-



сика Паркер, Меколи Калкин и многу други, вели проф. Дуковска.

**Тие неколкупати имале аплицирано за концерт во Њујорк, но какво е чувството кога една таква апликација за таков настан ќе биде прифатена зашто сон на секој уметник е да настапува во Големото Јаболко?**

-Ова беше пред сѐ неочекувано и многу возбудливо за нас, бидејќи како што кажавте навистина е сон за секој уметник да се претстави на сцените во „Големото јаболко“.Годинава аплициравме за неколку проекти, од кои добивме проект: Неколку концерти низ Македонија со различни состави, добивме проект во Шпанија, (Мадрид и Сеговија), каде јас како дел од камерното дуо „Грациозо“ ќе настапам со колешката м-р Кристина Палија (сопран), а ќе се реализираат сега во почетокот на месец јуни. Затоа кога ги добивме информациите за добиените проекти, се разбира после долгото апстинирање од сцените поради пандемијата, бевме многу возбудени и среќни. Сепак голем



***Настапувавме во објект од кој произлегле и ѕвездите Сара Џесика Паркер, Меколи Калкин и многу други.***

предизвик е и огромна одговорност да се претставиме на овие светски сцени во најдобро можно светло. Тоа бара многу работа, проби, вежбање и одличен концепт на програма која ќе биде актуелна и прифатлива за секоја публика.

**За која програма се одлучивте, односно каков репертоар со Аревски одбравте за настапот во Њујорк?**

Како што веќе споменав репертоарот е клучното нешто од целиот концепт за реализација на еден концерт. Со колегата Аревски често настапуваме и ја фаворизираме современата музика. Јас докторирав на тема современа македонска музика и често ја афирмирам на сцените не само кај нас, туку и надвор од Македонија. Имам изведувано со различни солисти и ансамбли современи композиции на сцените низ Австрија, Шпанија, Италија, Бугарија, Словенија, Мароко, Србија, а исто така и во Њујорк се претставивме со